**20151474160**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за европски работнички совет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08-3698/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Член 1

Во Законот за европски работнички совет („Службен весник на Република Македонија” број 6/12) во членот 39 ставот (3) се менува и гласи:

„Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членот 40 од овој закон е должен на одговорното лице или од него овластено лице кај правното лице да му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците."

Член 2

По членот 39 се додава нов член 39-а, кој гласи:

„Член 39-а

(1) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочиот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог."

Член 3

Во членот 40 став (1) зборовите „4.000 до” се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице."

Член 4

По членот 40 се додава нов член 40-а, кој гласи:

„Член 40-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците."

Член 5

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за европски работнички совет.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."